# Референдум за Глас на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес

Од австралиските избирачи наскоро ќе биде побарано да гласаат на референдум. На референдумот ќе се постави прашањето дали во Уставот треба да постои Глас на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес во Парламентот. Парламентот е телото кое донесува закони во Австралија.

## Што е Глас во Парламентот?

Гласот е начин за народите на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес да ја советуваат Владата за законите што имаат влијание на нив. Внесувањето на Гласот во Уставот ќе значи дека Гласот ќе има трајна улога во давањето совети на Владата за прашања што се однесуваат на народите на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес. Глас во Парламентот ќе биде можност за народите на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес да бидат уставно признати, а нивната култура препознаена и прославувана.

## Зошто Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес бараат да имаат Глас во Парламентот?

Народите на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес речиси 100 години бараат Владата да ги признае. Народите на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес најдобро ги познаваат нивните заедници и култура. Тие знаат кои се најдобрите решенија за справување со предизвиците со кои се соочуваат нивните заедници, што ќе создадат поправедно и поеднакво искуство за Абориџините и за Островјаните од Теснецот Торес.

## Што ќе прави Гласот во Парламентот?

Гласот ќе ги слуша советите од народите на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес за прашања што се однесуваат на нивните животи, за Владата да може да донесува подобри одлуки што влијаат на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес.

## Кој ќе го претставува Гласот во Парламентот?

Гласот ќе биде група Абориџини и Островјани од Теснецот Торес, од секоја држава и територија, вклучително оддалечени области. Претставниците ќе бидат избрани од страна на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес во нивните локални области.

## Дали народите на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес биле консултирани за Гласот во Парламентот?

Илјадници Абориџини и Островјани од Теснецот Торес многу години изразуваат мислења зошто Гласот е потребен и како треба да функционира. Повеќе од 80% Абориџини и Островјани од Теснецот Торес го поддржуваат Гласот во Парламентот.

## Што велат правните стручњаци?

Уставните правници, вклучително тие што ја претставуваат Федералната влада, изјавија дека Гласот е правно исправен и дека ќе го подобри нашиот систем на владеење.

## Дали Гласот може да донесува закони?

Не. Гласот ќе нема право да донесува закони. Тој само ќе дава совети за прашања што влијаат на народите на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес.



Одобрила Tabatha Feher, Life Without Barriers, L6, 107 Pitt St, Sydney, NSW.

**Кое прашање ќе биде поставено на референдумот за Гласот на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес?**
„Предложен закон: промена на Уставот заради признавање на народите на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес на Австралија со востановување на Глас на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес. Дали ја одобрувате оваа предложена промена?“

**Како да гласам на референдумот?**
Референдумите се како избори. Ќе добиете гласачко ливче со споменатото прашање и – за вашиот глас да важи - ќе треба да напишете “YES“ или “NO“ на англиски. Ако напишете “YES“, тоа значи дека се согласувате дека народите на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес треба да имаат глас за работи што директно се однесуваат на нив.

**Што се случува ако мнозинството луѓе гласаат YES?**
Ако мнозинството луѓе гласаат “Yes“ за Гласот, Владата ќе се консултира со Абориџините и со Островјаните од Теснецот Торес за да го финализира дизајнот и да донесе соодветни закони за воведување на Гласот.

**Што се случува ако мнозинството луѓе гласаат NO?**
Ако мнозинството луѓе гласаат “No“, ништо нема да се промени. Прашањата со кои се соочуваат народите на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес ќе продолжат. Гласањето “No“ значи дека гласате “No“ за Гласот, и нема алтернатива да се поддржат Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес на овој референдум.

**Каде може да добијам повеќе информации?**

**повеќе информации**

www.lwb.org.au